# Извозна постапка со примена на СОЦДАД

**Скопје, 23.12.2018**

**Јовица Кипријановски**

# ВОВЕД

- Оваа обука вклучува теоретски и практичен дел поврзан со спроведување на извозната постапка со примена на електронска извозна декларација.
- Со обуката ќе бидат опфатени економските оператори и царинските службеници кои го користат СОЦДАД при спроведување на формалности во извозна постапка.

# Прописи

- Царински закон
- Уредба за спроведување на Царинскиот закон
- Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат
- Упатства за извоз

## Општи информации кои се однесуваат на стандардната СОЦДАД извозна постапка /1/

- Се користи електронска царинска декларација и Локален референтен број (ЛРН) за нејзина идентификација;
- Декларацијата може да се поднесе преку Порталот за трговци за извоз или со електронска размена на податоци (ЕРП) преку веб сервиси;
- За идентификација на извозната операција се користи Референтен број на движењето (РБД);

# Општи информации кои се однесуваат на стандардната СОЦДАД извозна постапка /2/

- За потврдување на пораките кои се разменуваат преку системот се користат референтните податоци, правилата, условите и техничките правила;
- Проверката на валидноста на извозната декларација се врши автоматски;
- Сите дејствија извршени од страна на царинските органи (како одлуката за контрола, резултатите од контрола, рок за завршување на постапката, пломби итн.) се евидентираат во СОЦДАД;

# Општи информации кои се однесуваат на стандардната СОЦДАД извозна постапка /3/

- Потврдувањето дека стоката го напуштила царинското подрачје се врши со доставување на електронска порака од царинската испостава за извоз до декларантот (IE599);
- Се користи извозен придружен документ (ИПД) и Список на наименувања за извоз (СНИ)

# Формалности кај царинската испостава за извоз

# Поднесување на извозна декларација /1/

- Електронска царинска декларација (IE515) (Стандардна извозна постапка)
- Хартиена царинска декларација (Резервна постапка)
- Кога извозната постапка започнува електронски, таа и ќе заврши електронски!
- Кога извозната постапка ќе започне хартиено, таа и ќе заврши хартиено!

## Поднесување на извозната декларација (IE015) /2/

- Системот автоматски ја проверува декларацијата;
- Декларација која не ги содржи потребните податоци или содржи погрешни податоци се одбива од системот (IE516);
- Декларацијата која нема формални неправилности е со статус „Поднесена“ (IE928)

# Поднесување на извозната декларација (IE515) /2/

- Во редовна постапка прифаќањето на декларацијата се врши од страна на царинскиот службеник во царинската испостава за извоз. По прифаќањето системот генерира референтен број на движењето (РБД) (IE528). Декларацијата е во статус „Прифатена“ и системот врши анализа на ризик;
- Во поедноставена постапка прифаќање на декларацијата се врши автоматски од системот;
- Во поедноставена постапка не се поднесува дополнителна декларација;

# Поднесување на извозната декларација (IE015) /4/

- Царинската испостава за извоз ја прифаќа извозната декларација под услов:
  - **да е потпишана со дигитален сертификат и да ги содржи сите неопходни податоци;**
  - **да се приложени сите потребни документи** (член 72 од ЦЗ)**;**
  - **Стоката да е ставена на увид на царинскиот орган** (член 73 од ЦЗ)**.**
- 

# Формалности во извозна испостава



# Извозна испостава – утврдени неправилности при контрола



# Измена на извозна  декларација /1/

- Декларантот може да побара измена на извозната декларација откако претходно била прифатена  (IE513 или во писмена форма)
- Одлука за прифаќање или одбивање на барањето за измена на декларацијата носи царински службеник во царинската испостава за извоз;
- Декларантот се извесува за прифаќање (IE504) или за одбивање на барањето за измена (IE505);

# Измена на извозна декларација /2/

- Не се дозволени измени кога царинските органи веќе донеле одлука
- да ја прегледаат стоката;
- да ја пуштат стоката за извоз;
- кога барањето се однесува на податоци за кои е предвидено дека не можат да се менуваат (на пример: промена на тарифната ознака, описот на стоката, количината.)

# Измена на извозна декларација



# Поништување на извозната декларација

- Извозна декларација може да се поништи од страна на извозната испостава врз основа на барање од главниот обврзник (IE514) единствено **пред пуштање на стоката во извоз**
- Извозната испостава го информира декларантот за својата одлука (IE509)
- Извозната декларација не може да биде поништена по пуштањето на стоката, освен во исклучителни случаи и согласно конкретни услови утврдени од УСЦЗ
- Во случај кога поништувањето е извршено по пуштање на стоката, се испраќа пораката (IE510) до излезната испостава
- По поништување на декларацијата декларантот може да поднесе нова декларација, на која системот и доделува нов РБД

# Поништување на извозната декларација



# Формалности кај
# царинската испостава на излез

# Формалности во излезна испостава

# (друмски транспорт)



# Формалности во излезна испостава

# (авионски транспорт)



# Формалности во царинска испостава на излез /1/

- Доколку не е донесена одлука за контрола или при контролата не се утврдени неправилности, царинската испостава на излез дозволува излез на стоката;
- Доколку при контролата е утврден кусок на стока царинската испостава на излез го евидентира кусокот и дозволува излез на стоката од царинското подрачје. Врз основа на излезните резултати (IE518) царинската испостава за извоз е должна да ги усогласи податоците во извозната декларација;
- Доколку при контролата е утврден вишок на стока не се дозволува излез на вишокот на стока се додека не се поднесе излезна деклрација за утврдениот вишок на стока. Декларацијата за вишокот се поднесува во царинската испостава на излез;

# Формалности во царинска испостава на излез /2/

- Доколку при контролата е утврдено дека стоката која што е ставена на увид се разликува од декларираната, не се дозволува излез на стоката од царинското подрачје се додека не се поднесе извозна декларација за стоката која е ставена на увид. Извозната декларација за стока што е ставена на увид се поднесува во царинската испостава на излез;
- Формалностите за излез треба да се завршат најдоцна во рок од 90 дена од пуштањето на стоката за извоз;
- Стоката наместо преку декларираната царинска испостава за излез може да го напушти царинското подрачје и преку друга царинска испостава за излез;

# Прашања и коментари



**БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО**